РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КОЧАНИ
БР. 05-398/9
02.05 2019 ГОД.
КОЧАНИ

Друштво за компјутерски инженеринг
АСПЕКТ ДОО
Бр.03-203/1
02/05/ 2019 год.
СКОПЈЕ

# ДОГОВОР

*Склучен помеѓу:*

1. **Општина Кочани**, со седиште на ул. "Раде Кратовче" бр.1 - Кочани, застапувана од Градоначалникот на општина Кочани во својство на одговорно лице, **Г-дин Николчо Илијев** (во понатамошниот текст: Договорен орган) и

2. **Друштво за компјутерски инженеринг АСПЕКТ ДОО Скопје,** со седиште на ул.„Бул. 11 Октомври" бр.25/9 Скопје, ЕМБС:4390237, ДБ:370001100167529, застапувано од управителот Горан Шлакески, (во понатамошниот текст: Носител на набавката)

ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

Член 1

Предмет на овој договор е :

**Одржување на систем за администрација на локални даноци и комунални такси**

Овој договор се доделува врз основа на Одлука за избор на најповолна понуда бр.05-398/8 од 09.04.2019 год., по спроведената постапка со Барање за прибирање понуди по објавен оглас број 05-398/4/2019 објавен на ЕСЈН на ден 19.03.2019година , согласно Одлуката за јавна набавка бр.05-398/2 од 14.03.2019 година.

ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРОТ

Член 2

Вкупната вредност на договорот за јавната набавка за периодот за кој се склучува (12 месеци) изнесува 60.000,00 денари без ДДВ, односно 70.800,00 денари со пресметан ДДВ (18%), во согласност со извештајот од е-аукцијата, одржана на ден 03.04.2019 година.

Средствата за реализација на конкретниот Договор, се обезбедени од Буџет на Општина Кочани за 2019година, Програма Е0, ставка 424, подставка 424420.

НАЧИН И РОК НА ПЛАЌАЊЕ

Член 3

Плаќањето ќе се врши со доставување на фактура месечно , во рок до 30 дена сметано од денот на приемот на фактурата.

НЕ Е ДОЗВОЛЕНА КОРЕКЦИЈА НА ЦЕНИТЕ

Член 4

Не се предвидува корекција на цените, односно цените искажани во понудата избрана за најповолна ќе бидат фиксни за целото времетраење на договорот за јавна набавка.

УСЛОВИ, НАЧИН И РОК ЗА ВРШЕЊЕ НА УСЛУГАТА

Член 5

Носителот на набавката има обврска да обезбеди навремена, непречена, ефикасна и квалитетна услуга за потребите на Договорниот орган за цело времетраење на Договорот.

Одржувањето опфаќа до 4 часа за поддршка месечно.

Пријавувањето на проблемите и одржувањето на опремата ќе се извршува во работното време од понеделник до петок од 08:00 до 15:30 часот, со исклучок на државните празници и викенди.

По приемот на повикот за интервенција, Носителот на набавката ќе се обиде да го разреши проблемот кој е пријавен, со давање на инструкции по телефон или со далечинско конектирање на системот преку VPN врска. Доколку ова не успее, Носителот на набавката е должен да прати стручна служба во просториите на Општината во рок од најмногу 2 (два) работни дена за решавање на проблемот, при што патните трошоци, дневници и др.поврзани трошоци кои не се планирани во цената на понудата се на товар на носителот на набавката.

Носителот на набавката ќе продолжи да ги презема потребните акции се до затварање на повикот. Повикот се смета за затворен од моментот кога претставникот од Општината ќе ја потврди успешноста на интервенцијата по емаил или факс. Претставникот од Општината е должен во рок од 3 (три) работни дена да ја потврди успешноста на интервенцијата или писмено да ги наведе причините за спротивното. Доколку Општината не реагира во рок од 3 работни дена, се смета дека повикот е решен.

За непречено вршење на услугите, Договорниот орган ќе назначи лице овластено за контакт со Носителот на набавката.

Член 6

Во случај на доцнење на вршење на услугите од страна на Вршителот на услугата, Корисникот на услугата има право на надомест на штета и договорна казна – пенали.

Договорната казна се определува во висина од 20% од вредноста на неизвршената услуга за секој започнат ден, за првите две недели. Во случај на доцнење на вршење на услугата повеќе од две недели, Корисникот на услугата има право со проста изјава и доставено писмено известување до Вршителот на услугата, да го раскине Договорот и да бара надомест на штета и договорна казна – пенали.

РАСКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

Член 7

Кога една од договорните страни нема да ја исполни својата обврска другата договорна страна може да бара исполнување на обврската или да го раскине договорот.

Член 8

Ако по склучувањето на договорот настапат околности што го отежнуваат исполнувањето на обврската на едната страна или ако поради нив не може да се оствари целта на договорот, а во едниот и во другиот случај во таа мера што е очигледно дека договорот повеќе не им одговара на очекувањата на договорните страни и дека според општото мислење би било неправедливо, да се одржи во сила таков каков што е, страната на која и е отежнато исполнувањето на обврската односно страната која што поради променетите околности не може да ја оствари целта на договорот може да бара договорот да се раскине.

Член 9

Раскинување на договор не може да се бара ако страната што се повикува на променетите околности била должна во време на склучувањето на договорот да ги земе предвид тие околности или можела да ги избегне или да ги совлада.
Страната која бара раскинување на договорот не може да се повикува на променетите околности што настапиле по истекот на рокот определен за исполнување на нејзината обврска.
Договорот нема да се раскине ако другата страна понуди или се согласи соодветните услови од договорот да се изменат справедливо.

Член 10

Договорниот орган може да го раскине договорот и без да му остави на Носителот на набавката, дополнителен рок за исполнување ако од неговото однесување произлегува дека тој нема да ја изврши својата обврска ниту во дополнителниот рок.

Член 11

Ниту една од договорните страни нема да биде одговорна за неисполнување на овој Договор до кое би дошло заради Виша сила. Ако една од договорните страни е спречена заради Виша сила должна е во рок од 24 часа писмено да ја извести другата страна, со наведување на причините за Вишата сила и по можност обезбедување на соодветен доказ.По отстранување на Вишата сила, Договорот може да се реализира по потреба со заеднички прифатено дополнување или да се раскине договорно.

Член 12

Договорните страни можат да ги дополнат и/или изменат одредбите од овој договор само спогодбено.
Договорната страна која бара измена и/или дополнување е должна своето барање до другата страна да го достави во писмена форма.
Одредбите од овој договор можат да се изменат и/или дополнат со склучување на Договорот за изменување и дополнување на основниот Договор.
Дополнувањата и измените на овој договор се важечки ако се направени во писмена форма и ако се потпишани од двете договорни страни.

Член 13

За се што не е предвидено во овој Договор, ќе се применуваат одредбите од Законот за облигациони односи, ЗОУП, и другите позитивни прописи во Република Македонија.

ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ДОГОВОРОТ

Член 14

Овој договор се склучува за времетраење од 12 /дванаесет/ месеци, сметано од денот на склучување на договорот.

РЕШАВАЊЕ НА СПОРОВИ

Член 15

Сите евентуални спорови и недоразбирања кои би произлегле од овој Договор, договорните страни ќе ги решаваат во духот на добрите деловни обичаи со меѓусебно договарање.
Доколку евентуалните спорови не можат да се решат согласно со став 1 од овој член на Договорот, истите ќе ги решава стварно и месно надлежен суд

Член 16

Овој Договор е составен во 6 еднообразни примероци, од кои 2 за носителот на набавката, а 4 за договорниот орган .

| | |
|---|---|
| **Носител на набавката** | **Договорен орган** |
| **АСПЕКТ ДОО Скопје** | **Општина Кочани** |
| **Управител,** | **Градоначалник,** |
| **Горан Шлакески** | **Николчо Илијев** |

Составен дел на овој договор е:
- техничка спецификација

***Изработил: Соработник за поддршка и прибирање на документација за водење на постапки за јавни набавки - Далиборка Стојанова***
***Контролирал: Раководител на Одделение за правни и општи работи – Венцо Бојков***

8. <u>**Техничка спецификација за предметот на набавка:**</u>

**Технички спецификации**

**Одржување на систем за администрација на локални даноци и комунални такси**

Заради редовно и квалитетно функционирање на системот за администрација на локални даноци и комунални такси, Општина Кочани има потреба од набавка на следните услуги:

- Давање поддршка за правилно користење на системот, поддршка во случај на неисправно функционирање на софтверот и поддршка за проблеми настанати поради погрешно користење на системот, а што не се последици на некои други проблеми како на пример хардвер, оперативен систем, вируси, други апликации и сл.
- За извршување на работите за одржувањето, цената на едномесечниот паушал опфаќа 4 работни часа.
- Одржувањето може да биде по телефон или со далечинско конектирање на системот преку VPN врска или во просториите на општината во рок од максимум 4 часа од приемот на повикот и со време на решавање на проблемот не поголемо од 2 работни дена. Пријавувањето на дефекти и проблеми да се врши по телефон или по е-маил.
- „хелп-деск" специјалистички консултации по телефон и/или е-маил секој работен ден од 8.30 до 15.30 часот.
- Превентивното одржување да се остварува со присуство на специјализиран соработник во функција на редовно следење и аквалитетот на функционирањето на апликацијата, е-сервисот и серверот на базите на податоци (тестирање на апликацијата, упатства за правење на backup, проверка на конзистентност на базата на податоци, анкета на крајните корисници за да се процени нивото на задоволството од користење на апликациите и сл.)
- Во одржување спаѓаат и модификации на серверот од типот на додавање на нови извештаи, како и разни видови на автоматски вчитувања и експорти на податоци и документи од/со WEB сервис за потребите на општината со АКН, ЦРМ, КИБС и други институции во рамките на предвидените часови во месечниот паушал.
- Инсталација и тестирање на надградени клиенти за користење во и надвор од компјутерска мрежа на општината.
- Обука и прирачник за користење и администрација на апликативни решенија
- Под одржување не спаѓаат интевенциите поради проблеми предизвикани поради неисправност на хардверот и/или мрежната опрема на општината, како и проблеми предизвикани од оперативниот систем и проблеми предизвикани од вируси.

Носителот на набавката се обврзува да ги чува во тајност сите податоци до кои ќе дојде при вршење на услугата предмет на договорот за јавна набавка и истите да ги користи, обработува и чува согласно Законот за заштита на личните податоци и подзаконските акти и другите важечки позитивни македонски прописи.

*Раководител на*
*Одделение за правни и општи работи*
*Венцо Бојков*